Анета СВЕТИЕВА

УДК 39(497.7-35)

ШОПСКО-БРЕГАЛНИЧКА ЕТНОГРАФСКА ЦЕЛИНА ПРИЛОГ КОН КЛАСИФИКАЦИЈАТА НА МАКЕДОНСКИОТ ЕТНОГРАФСКИ ПРОСТОР

Прилогот претставува обид за дефинирање на пределите по текот на реката Брегалница и пределите на македонскиот Шоплук на сличен начин како што е дефинирана Дебарско-реканската етнографска целина од аспект на одредена културно-антрополошка сродност.

Клучни зборови: шопски краишта, Брегалнички крај, етничка група.

Во досегашните обиди за дефинирање на етнографскиот простор во североисточна и источна Македонија, одделни етнографски предели се „избришани" за сметка на доминантните шопски предели во просторот. Исто така, постои нејаснотија кога како главен ориентир во просторот се зема реката Брегалница во смисла на Брегалнички крај, па во тој случај некои шопски предели се истовремено брегалнички и шопски. Недостаток на некои од досегашните класификации е нецелосното вклучување на македонските етнички предели кои се наоѓаат надвор од државните граници на Македонија, односно во соседните земји Србија и Бугарија. Целта на овој прилог е обид за обединување на пределите по текот на река Брегалница и пределите на македонскиот Шоплук во една етнографска целина: **Шопско-брегалничка**, на сличен начин како што е дефинирана Дебарско-реканската етнографска целина, во смисла на одредена културно-антрополошка сродност.

Доколку се осврнеме на концептот на досегашните класификации на македонскиот етнографски простор, почнувајќи од првата во

1937 година[1], па до денес, ќе видиме дека првата класификација сè уште лежи во основата на подоцнежните проширени класификации. Разгледувањето на секоја класификација посебно, ќе ни одземе многу простор. Поради тие причини, предлагам тој дел од материјалот да биде посебна тема за дискусија, доколку се појави потреба од појаснување во врска со предлогот за формирање една проширена етнографска целина, именувана како **Шопско-брегалничка.**

Кратко ќе потсетам на првата класификација на д-р Мил. С. Филиповиќ, кој **шопските краишта** во Македонија ги дефинирал на исток, „како дел од пространиот шопски појас меѓу Србите и Бугарите", и тоа со следните етнографски предели: **Средорек** со неговиот дел **Страцин, Славиште** (по средниот тек на Крива Река), **Кратовска Котлина, Осоговија, Кочанска Котлина, Пијанец и Малеш.** Бидејќи за класификацијата којашто ја предлагам е важна етнокултурната локација на Овче Поле, ќе се осврнеме и на т.н. **Горно Повардарје** или **Скопска етничка област,** според посочената класификација на Мил. С. Филиповиќ. Авторот ја дефинирал оваа етнографска целина по целиот горен слив на Вардар со притоките: Лепенец, Пчиња, Брегалница, односно областа на исток и на југ од Шар Планина и Скопска Црна Гора, така што на југ областа оди до Таорската Клисура кон Велес, на север границата води меѓу Куманово и Прешево, а на исток го опфаќа **Овче Поле**. Во рамки на овие две етнографски целини се лоцирани етнографските предели во североисточна и источна Македонија, така што веднаш можеме да констатираме дека недостасува Виничко, Штипско, итн., бидејќи авторот направо преминува на една хибридна етнографска целина наречена **Југоисточен дел на Македонија** со пределите: **Гевгелиско, Дојранско, Радовишко** и **Струмичко**.

Доколу при дефинирањето на еден дел од овој простор, како ориентири се вклучени реките Струма и Брегалница (К´нчов, Патуване..[2]), тогаш се добива друга етнографска слика на **Шопско и Брегалничко** или **Брегалнички крај**, каде што одделни предели се истовремено брегалнички и шопски, односно само брегалнички или само шопски. Во оваа смисла се поврзани пределите: Горноџумајско,

[1] Мил. С. Филиповић, Етничке прилике у Јужној Србији, Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље 1937.

[2] В. Кънчов, Пътуване по долините на Струма. Места и Брегалница, Избрани произведения, том първи, София, 1970.

Пијанец, Малеш, Штипско, Кочанско (Кочанска каза со Виничко) и Овче Поле[3].

Компромисно решение изведено врз база на досегашните класификации, претставува последната класификацијата во книгата „Етнологија на Македонците"[4]. Во прилогот што се однесува на проблемот на етносите и етничките групи, авторката, д-р Галаба Паликрушева, го приклучила просторот на Горноџумајско кон **македонската шопска етничка група**, со што е одстранета една неправда во врска со припадноста на македонското население од македонскиот Шоплук од другата страна на македонско-бугарската граница. Меѓутоа, според мое мислење, спорна е локацијата на пределите Козјак, западниот дел на Славиште, Овче Поле и Кочанско Поле во рамки на **горновардарската етничка група.** Познато ми е, од сопствени теренски истражувања, дека македонскиот Шоплук во државните граници на Македонија може да се следи од Козјачијата/Поткозјачијата, Средорек, Страцин и понатаму како што следи во мојот објавен прилог[5], каде што може да се констатира и етнонимот Шоп. Меѓутоа, на север етнографскиот предел **Пчиња**, иако е поделен со државната граница меѓу Србија и Македонија, исто така е органски дел од овој етнографски простор, особено со оглед на фактот што десет „пчињски" села се наоѓаат на македонска страна. Исто така, не ми се јасни етнографските причини поради кои Кочанско Поле се наоѓа во **горновардарската етничка група.** Мислам дека за етнокултурната локација на Кочанско Поле посебно треба да се истакне неговата **брегалничка компонента**, што како принцип важи и за Овче Поле, бидејќи и во двата случаи се работи, пред сè за **брегалнички котлини** во Вардарската област[6]. Тоа прецизирање е неопходно бидејќи на тој начин се одредува етно-културната компонента на просторот. Овче Поле како предел во **горновардарската етничка група,** е присутно најнапред во класификацијата на д-р Мил. С. Филиповиќ како предел во **Горно Повардарје,** а неговото мислење

[3] Истото, 344-373.
[4] Галаба Паликрушева, Етносите и етничките групи во Македонија, Етнологија на Македонците, МАНУ, 1996, 14.
[5] Анета Светиева, Современата состојба на шопската етничка заедница во Кратовско и Кривопаланечко, Зборник на Музејот на Македонија, н.с.,1, Етнологија, Скопје 1992, 9-18.
[6] Македонија како природна и економска целина, ИНИ, Скопје 1978, 28.

го дели и Б. Ж. Милојевиќ[7]. И двајцата се раководеле од одредени географски реалности. Овче Поле и досега им создало доволен број главоболки на етнолозите кои, главно, ја истражувале материјалната култура (Аница Петрушева, Ѓорги Здравев и други). Тие биле принудени пределот да го класираат двојно: во рамките на Горновардарска етнографска целина (географски) и во рамките на Средновардарска етнографска целина (етнографски).

Бидејќи, очигледно, постојат повеќе аршини во приодот, доаѓа до непотребни цепкања и нејаснотии на етнографскиот простор на источна и североисточна Македонија, па во зависност од избраниот концепт, едни предели се присутни, а други се наоѓаат во друга етнокултурна група, или воопшто ги нема. Од тие причини, сметам дека е најсоодветно овој етнографски простор да се третира во рамките на една комбинирана и проширена етнографска целина, составена од македонско-шопски и брегалнички предели на следниот начин: Пчиња, Козјачија/Поткозјачија, Средорек, Кривопаланечко, Дурачка Река, Кратовско, Злетовско, Пијанец, Горноџумајско, Малеш, Кочанско, Виничко, Штипско, Лакавица и Овче Поле. Овој концепт ја следи етнокултурната логика на просторот каде што се поврзани македонско-шопски, шопско-брегалнички и брегалнички предели со сродна етничка култура разместени по текот на реките Пчиња, Крива, Брегалница со левата притока Лакавица[8], а од другата страна на Осоговијата до горниот тек на Струма. Осоговијата останува класична област на македонскиот Шоплук. Главни центри на шопските преселувања се планините во Кумановско, а во дијаспората се среќаваме со покомпактни делови од македонската шопска група, во радовишкиот Шоплук.

Причини за предложената класификација најнапред ќе побараме во податоците за Шоплукот во целина, бидејќи откако се појавил интерес за Шоплукот кон крај на 19 и почеток на 20 век, скоро редовно била присутна појавата да се прикажува компактен шопски етнографски простор, без оглед на фактот што одделни предели не се

[7] Б. Ж. Милојевић, Привредно-географска и антропогеографска проматрања о долинама Брегалнице и Пчиње, Гласник српског географског друштва, св. XXX, бр. 3, Београд 1950, 101.

[8] Ј. Цвијић, Основе за географију и геологију Македонија и Старе Србије, 1, Београд 1906, 217.

изворно шопски. Во тој компактен „шопски" простор се прикажани и македонските шопски предели.

Во постарата бугарска и српска литература постојат повеќе истражувања за територијата на распространување на Шопите. За оваа проблематика пишувале Лубомир Милетич, Јордан Захариев, Јован Цвијиќ, Риста Николиќ и други. Јордан Захариев изнесува став дека за североисточните и тракиските Бугари, Шопи се сите оние кои живеат на запад од реката Искр, дури и од реката Вит. Како етничка граница меѓу Х´рцои и Шопи, Л. Милетич го определил селото Мечка во Никополската околија, но не дефинирал до каде на запад живеат Шопи. Проф. Јован Цвијиќ го вклучил во Шоплукот и Пиротско, а Риста Николиќ ја поместил етничката граница уште позападно, зад Бела Паланка. Според неговото мислење, од Бела Паланка кон југ, западната граница на Шоплукот минува источно од Струмица и ги опфаќа Крива Паланка, Кратово, Кочани и Радовиш, како и Пијанец и Малеш. Источната граница Р. Николиќ ја дефинирал западно од реката Вит, слично како и Л. Милетич. Според Петко Ј. Славејков вистинските Шопи живеат од Грахово (Перник) кон запад, а „другите" (Шопи) од Искр кон запад[9]. На тој начин го исклучил Софиското Поле од територијата на вистинските Шопи. Истражувајќи ја оваа проблематика, авторот заклучил дека постојат вистински Шопи и „други" Шопи кои така ги нарекуваат источните Бугари. Константин Иречек смета дека Шоплук се, главно, високите котлини: Радомирска, Брезнишка и Софиска, потоа Краиште (Босилеградско) и Кратовско, но во врска со прашањето на територијата не можел прецизно да се изјасни, бидејќи сметал дека распростирањето на Шопите е недоволно јасно[10]. Ј. Захариев дава податоци за една легенда од анонимен автор во ракопис од Хиландарскиот манастир, каде што како автентични територии на Шоплукот се посочени Нишко и Радомирско Поле[11], а Ив. Богоров го ограничил Шоплукот само на 365 села во Софиско Поле. Марин Дринов ја дефинирал источната етничка граница на Шопите по Горна Струма, во околината на градовите Радомир и Ќустендил, што се совпаѓа со мислењата на Виктор Григорович и

[9] П. Р. Славейковъ, Неколко думи за шопите, Периодическо списание на Българското книжовно дружество, кн. IX, Средецъ 1884, 106-123.
[10] К. Иречек, Кнежество България, 1, Пловнив 1899, 66 (цит. според Й.Захариев, Още нещо за шопите, 144.
[11] Й. Захариев, Още нещо за шопите, 144.

Шафарик од 1847 година изнесени порано. Според археолозите Р. Добруски и Д. Е. Такела, кои сметале дека во генезата на Шопите учествувале Печењези, конкретно печенешкото племе Цопон, автентичен простор на Шопите се Софиско и Радомирско. Јордан Иванов[12] определил неколку пределu кои ги сметал за шопски, и тоа: Софиско, Трнско, Босилеградско (Ќустендилско Краиште), Радомирско, делови од Кривопаланечко, Кумановско, Овчеполско и Кратовско. Јордан Трифонов[13] ја познавал претходната ситуација во науката во врска со прашањето на Шопите и за вистински Шопи ги определил жителите на планинските области од Кратовско, Ќустендилско, Радомир и Брезник до Софија, а како центри на шопските преселувања ги определил планините меѓу Трнско и Кумановско. Јордан Захариев смета дека границите на Шоплукот што ги дефинирале на сличен начин повеќе научници, се поклопуваат со границите на рударската дејност од 14 век и понатаму[14], а Ј. Цвијиќ ја посочува спецификата на раштрканите населби, машката носија од бела клашна, проширеното семејство (задруга) и женскиот сениорат[15]. К´нчов[16] истакнува дека во североисточниот дел на Македонија живеат „Шопи" - име со кое ги нарекуваат нивните соседи. Според авторот, тие се населени во планинските области на Самоковско, Дупнишко и Ќустендилско, ја заземаат Разлошката котлина на р. Места до средината на Момина Клисура, Горно џумајската каза со средниот тек на Струма до градовите Мелник и Петрич, целата долина на Струмица со градовите Струмица и Радовиш, целата долина на Брегалница со Малешево, Пијанец, Кочани и Штип и на север долината на Пчиња и нејзината притока Крива, со градовите Кратово, Крива Паланка и Куманово. Според авторот, Шопи се нарекува и населението до Овче Поле и до вододелните ридови Козјак и Руен. Нивните села се нарекуваат „шопски села" поради специфичниот раштркан тип и колибите на големи растојанија. Според Ѓорче Петров, Шопите се населени во

[12] Йордан Иванов,Северна Македония, София 1912.
[13] Йордан Трифонов, По происхода на името шоп, СпБАН, XXII, 1921. 125-158.
[14] Й.Захариев, н.д., 146.
[15] Ј. Цвијић, Основе за географију и геологију Македонија и Старе Србије, 1, н.д., 185, 189.
[16] В. Кънчов, Македония. Етнография и статистика, Избрани произведения, том втори, София 1970, 329, 330.

Кратовско, Осоговијата, Кривопаланечко, Малеш[17], а Пијанците претставуваат преод од Шопи кон Овчеполци, додека Злетовчани се во пределот Злетово[18].

Етнонимот/егзонимот Шоп/Шопи се јавува и како етникон и патроним. Јован Цвијиќ смета дека до етнонимот Шоп е најблиску етнонимот Торлак. Следејќи ја распространетоста на етнонимот Торлак, авторот претпоставил дека во минатото имал далеку поголема распространетост, дека ја преминувал реката Морава и се протегал сè до селата во околината на Белград (Бањица, Јајинце, Раковица, Велики и Мали Мокри Луг) каде што жителите биле, главно, по потекло од Прокупље, Ниш, Врање и Пирот[19]. Исто така, може да се констатира дека со текот на времето етнонимот претрпел филолошки и етнографски промени, дека добил статусен, општествен и стопански предзнак. Името „Шоп", почнувајќи од првите известувања кон крајот на 19 век па до денес, вклучува одреден пејоративен аспект во значење на прости луѓе, планинци. Идентична констатација во врска со оваа појава постои во бугарската, српската и македонската литература. Оваа појава е веќе констатирана во етнологијата за некои етнички групи, во рамките на процесите на распаѓање на групите и заборавањето на вистинското значење на етнонимот[20].

Класификација на македонските шопски, шопско-брегалнички и брегалнички предели во рамки на Шопско-брегалничка етнографска целина

За проф. Б. Русиќ, најавтентични делови на Шоплукот во Македонија се Осоговијата и криворечкиот Шоплук. Меѓутоа, од достапната литература и од сопствените теренски истражувања, може да се заклучи дека македонскиот Шоплук започнува со крајниот

[17] (Ѓ. Петров), Материали по изучването на Македония, София, 1896, 570, 573, 591, 609, 614, 613.
[18] (Ѓ. Петров), Материали.., н.д., 585.
[19] Ј. Цвијић, Основе за географију и геологију Македонија и Старе Србије, 1, н.д.,181
[20] Marijana Gušić, Etnička grupa Bezjaci, Zbornik za narodni život i običaje Južnih Slavena, 543, Zagreb 1967, 8, 9.

северен македонско-шопски поделен предел **Пчиња**[21], од кој на македонска територија останале десет пчињски села во денешно Кумановско и Кривопаланечко. Тое се селата: Метежево, Огут, Подржикоњ, Нерав, Герман, Длабочица, Цветишница, Буковјане, Иванковци, М'гленце[22]. Во постоечките историско-етнографски карти на Македонија, Пчиња фигурира како најсеверен македонски предел[23]. Истиот став за ова прашање го среќаваме кај Јаранов и неговите соработници[24]. Пределот Пчиња влегол во состав на Србија по Балканските војни, така што еден негов дел - Горна Пчиња влегол во состав на новоформираниот Кривопаланечкиот срез[25]. Според тоа, првата административна локација на пределот ја следела етничката логика. Во 1945 г. бил основан посебен Пчињски срез во состав на НР Србија, а во 1952 година Пчињскиот срез бил споен со Врањскиот. Меѓутоа, роднинските и другите врски на Пчињани со Поткозјачијата, Кумановско и Кривопаланечко останале[26]. Сепак, под влијание на српската политика, школство, администрација итн., некои етнички особини на пределот во границите на Србија почнале постепено да трпат промени. Тоа не значи дека македонско-шопската етничка компонента се изгубила. Во 60-тите години на 20 век, Т. Кондев[27] ги објавил резултатите од истражувањата на миграциите и имиграциите на Шопите, особено во периодот 18-19 век, кога имало големи преселувања кон Врањско и доселувања од тој простор во селата по Осоговијата. Авторот напоменува дека во општиот поим „Врањско", повеќе треба да се смета на Ќустендилско Краиште, Пчиња, Козјак и дел од Славиште, што покажува засилување на македонско-шопскиот елемент во овие простори. Овие податоци покажуваат дека континуирано течела размена на населението од Осоговијата и Пчиња.

---

[21] Ј. Цвијић, Основе за географију и геологију Македонија и Старе Србије, 1, Београд 1906, 178-199.

[22] Имињата на селата наведени според Јов. Ф. Трифуновски, Горња Пчиња, н.д., во оваа форма се дадени после споредба кај: Митко Панов, Селата во Република Македонија, кн. 1, Скопје 1993.

[23] В. Кънчов, Македония. Етнография и статистика, Избрани произведения, том втори, н.д.; Ј. Цвијић, Основе за географију е геологију Македоније и СтареСрбије...

[24] Македонија како природна и економска целина, ИНИ, Скопје 1978, 28, 160.

[25] Миленко С. Филиповић; Персида Томић, Горња Пчиња, САНУ, Београд 1955, 5.

[26] Миленко С. Филиповић; Персида Томић, Горња Пчиња, н.д., 6.

[27] Т. Кондев, Осоговија, Годишен зборник на ПМФ, кн. 14, Географија и геологија, св. 2, Скопје 1963, 55,56, 78.

Тука не би дискутирала за истражувањата на етнографскиот предел Пчиња поткрепени од САНУ за докажување на српскиот карактер на пределот работени од Мил. С. Филиповиќ и Јован Ф. Трифуноски[28]. За разлика од првата класификација на етнографскиот простор на „Повардарје" работена во 1937 година од Мил. С. Филиповиќ, каде што логично е дефиниран етнографскиот простор по горниот тек на реката Вардар со притоките Лепенец, Пчиња и Крива, во монографијата работена подоцна (1955) може да се констатира различен приод кон проблемот, бидејќи се инсистира на културна поврзаност на Пчињани со Врање и Јужно Поморавје[29]. Меѓутоа, во разработката на етнографскиот дел, во прв план избива стручноста и професионалноста на Мил. С. Филиповиќ, кој ја следи коректно поврзаноста на Горна Пчиња со Кумановско и Кривопаланечко во сите сфери на народниот живот[30]. Другиот автор, Јован Ф. Трифуноски, иако настојувал да го истакне српскиот карактер на Пчиња, користејќи ги конструкциите на Мил. С. Филиповиќ за културната поврзаност на Пчињани со Врање и Јужно Поморавје[31], сепак во делот каде што го следи потеклото на родовите или интензитетот на доселувањата, го афирмира македонското етничко население[32].

Во поново време (1992 година), д-р Милош Константинов му поветил посебно внимание на етнографскиот предел Пчиња, како на разделен македонски предел, од кој многу поголем процент денес се наоѓа во државните граници на Србија[33].

За духовното единство на просторот на Шоплукот сфатено во оваа смисла, зборуваат повеќе варијанти на македонската народна легенда за четворицата браќа пустиножители од Македонија: Прохор Пчињски, Јоаким Осоговски, Гаврило Лесновски и Јован Рилски[34]. Во

[28] Миленко С. Филиповић, Персида Томић, Горња Пчиња, Српски етнографски зборник књ. LXVIII, Расправе и грађа, књ. 3, САНУ, Београд 1955; Јован Ф. Трифуноски, Горња Пчиња, Српски етнографски зборник, књ. LXXVII, Насеља и порекло становништва, књ. 38, САНУ, Београд 1964.

[29] Миленко С. Филиповић, Персида Томић, Горња Пчиња., н.д., 3.

[30] Миленко С. Филиповић, Персида Томић, Горња Пчиња., н.д., 57 и на други места.

[31] Миленко С. Филиповић, Персида Томић, Горња Пчиња., н.д., 3.

[32] Јован Ф. Трифуноски, Горња Пчиња, н.д., 50-52.

[33] Милош Константинов, Македонци, Скопје 1992, 176, 177.

[34] Народна митологија на Македонците, кн. 2. Етнографски и фолклорни материјали. Подготвил Танас Вражиновски со соработниците Љупчо С. Ристески, Владимир Карацоски и Лола Симовска, Скопје 1998 (На стр. 307-309 види ги легендите:

Пчиња, исто така, е констатиран етнонимот „Шопи“ со сите елементи на филолошки и етнографски промени присутни насекаде во поширокиот простор на Шоплукот.

Кон пределот Пчиња се надоврзуваат **Козјачијата/Поткозјачијата/Средорек** каде што во живо можат да се следат комуникациите со населението на Пчиња во смисла на крвно и духовно сродство (склучување бракови, кумства, побратимства, слави, селски слави итн). За целиот овој простор најзначаен духовен центар е манастирот Прохор Пчињски[35]. Исто така, може да се констатира дека некои од постарите информатори од Поткозјачијата и Средорек /Кумановско/, зборуваат за себе како за Шопи[36].

Во **Кривопаланечко** најчесто се слуша етнонимот Шопи, а во **Дурачка Река** носијата се вика дурачка, а селаните за себе велат дека се Планинци, Шопи. Етнонимите Планинци, Пољци се исто така карактеристични денес за **Кратовско**, како и пошироко во Осоговијата како класичен шопски етнографски простор. Од другата страна на Осоговијата, **Горноџумајско** (денешно Благоевградско) е македонско-шопски предел во државните граници на Р. Бугарија. Етнографската припадност на пределот ја истакнале повеќе истражувачи кои се обиделе да ја дефинираат територијата на Шоплукот. Кон крајот на 19 и почеток на 20 век, К´нчов запишал 40 населени места во Горноџумајска каза[37], додека во трудот „Патување по Струма, Места и Брегалница“, во делот „Горна Џумаја и казата“, навел 37 населени места[38]. Според непотполниот опис на женската носија, во Горноџумајско жените носеле карактеристична долга „црна саја“ со долги ракави, раскроена на градите и закопчана, а во зимски услови носеле „црно џубе“ во две варијанти: 1. без ракави - украсено со гајтани и 2. т.н. „берено џубе“ - со ракави, кое на задниот дел на половината било „набрчкано“[39]. Според истражувањата на Ангелина Крстева, овие

„Четворицата свети браќа“, „Четворица браќа по вера“, „Свети Јоаким во село Градец“, снимени од д-р Т. Вражиновски во 1988 година во Крива Паланка).

[35] Сопствени теренски истражувања во Поткозјачија, 1993.

[36] Сопствени теренски истражувања во Поткозјачија, 1993. Информатор: Николовски Благоја од с. Макреш.

[37] В. Кънчов, Македония. Етнография и статистика, Избрани произведения, том втори, н.д., 491, 492.

[38] В. Кънчов, Пътуване по долините на Струма, Места и Брегалница, Избрани произведения, том първи, София, 1970, 164-174.

[39] Истото, 170,171.

делови од инвентарот на женската носија се карактеристични за македонскиот Шоплук[40], а долгата црна саја („д´лга саја") ја покажува врската на Горноџумајско со Пијанец и Малеш.

Во дијаспората се среќаваме со мала група шопски села во **радовишки Шоплук,** и тоа: Козбунар, Шипковица, Ново Село, Шеинташ, Вртешка и Штурово. Главни предели на миграцијата биле Кривопаланечко, Кратовско, Кочанско, Пијанечко, Пчиња (Врањско) и други[41].

Некои истражувачи од почетокот на овој век, како на пример К´нчов, а доста подоцна и Бранислав Русиќ, според карактеристиките на етничката култура, во преодна група блиска со етнографските карактеристики на Овче Поле - делот Которија, ги класирале пределите **Пијанец** и **Малеш** во изворишниот дел на река Брегалница, не спомнувајќи, притоа некоја особена врска со Шопите[42]. За разлика од нив, други етнолози ги класираат овие предели во шопско-македонската етнографска целина. Причини за оваа класификација се елементите од народната култура, особено женската носија од постар тип констатирана во Пијанец и Малеш[43]. Меѓутоа, за етно-културните карактеристики на овие шопско-македонски предели, сепак, е значајна **„брегалничката" компонента**.

Пијанец е предел во состав на македонско-шопската етнографска целина[44], разделен со политичката граница меѓу Бугарија и Македонија во 1878 година. Ѓорче Петров сметал дека Пијанчаните претставуваат преод од Шопи кон Овчеполци[45], додека другите научници не навлегуваат во детали и Пијанчаните ги класираат во

---

[40] Анѓелина Крстева, За некои развојни фази на шопските носии во Македонија, Балканославика, 25, Прилеп 1998, 93-111.

[41] Галаба Паликрушева, Современите етнички процеси во Радовишкиот Шоплук, Зборник од XXXI конгрес на Сојузот на здруженијата на фолклористите на Југославија во Радовиш 1984, Скопје 1986, 33-40.

[42] В. Кънчов, Пътуване по долините на Струма, Места и Брегалница, 344-358; Б. Русиќ, Народните имиња на некои предели и области во Македонија, в. „Нова Македонија", 1954, В, 30.

[43] Ѓорѓи Здравев, Македонски народни носии, 1, Скопје 1996, 151-169; Анѓелина Крстева, За некои развојни фази на шопските носии во Македонија, Балканославика, 25, Прилеп 1998, 93-111.

[44] [Ѓорче Петров], Материали по изучването на Македония, София, 1896, 590-592, 609-617 (и на други места); Јован Цвијић, Основе.., књ. прва, н.д., 178-199;

[45] [Ѓорче Петров], Материали по изучването на Македония, София, 1896, 613,614.

Шопи[46]. Кон средината на 20 век, Јордан Захариев[47] во македонскиот предел **Брегалнички Пијанец**[48] класирал 16 села за разлика од т.н. Северен Пијанец (на бугарска територија од 1878, во состав на Ќустендилска околија), каде што навел 26 села[49]. Како што можеме да видиме од именувањето што го употребил Ј. Захариев, Пијанец е истовремено „брегалнички" и „шопски" предел. Ѓорче Петров[50] зборува за **Пијанец** и **Малеш** како за предели во тогашната Кочанска каза. Авторот го видел Малеш како планински предел заграден со планини и во таа смисла го доживеал како непристапно и несигурно место. За Малешевци смета дека се по потекло чисти Шопи.

Врски меѓу „шопските" и „брегалничките" предели

Сличностите меѓу „шопските" и „брегалничките" етнографски предели произлегуваат од мешањето на планинското (осоговско) и низинското население како резултат на постојаните миграции од планинските населби во низинските. Кај некои етнографски предели по реката Брегалница постои етничка диференцијација по однос на соседите планинци - Шопи. Такви се **Кочанско Поле** по средниот тек на река Брегалница, каде што се слуша етнонимот Кочанци. Скоро идентичен е случајот со **Виничко** и понатаму со **Штипско Поле** по долниот тек на реката Брегалница.

Штипско и **Лакавица** претставуваат гранични брегалнички котлини и се допираат со пределите на Струмско-местанската етнографска целина - Струмичко и Радовишко. Сè до 19 век на овој простор може да се констатираат Македонци, Турци, Власи, потоа Евреи и Цигани. Бројот на т.н. Турци се зголемил по ослободувањето на

[46] Јован Цвијић, Основе..., књ. прва, н.д., 243; Йордан Захариев, Общте нещто за шопите, известия на Българското историческо дружество, София 1943, 142-160; Бранислав Русиќ, Сливарскиот крај Пијанец, в. „Нова Македонија", 1962, I, 6.

[47] Йордан Захариев, Пиянец, СбНУ, XIV, София, 1935, 7.

[48] Авторот го нарекува уште јужен Пијанец и Царевоселски Пијанец (Й. Захариев, Пиянец, н.д, 47).

[49] Република България - Административна карта, Картографи ЕООД, 1999 (денес селата во Ќустендилско: Црварица, Тишаново, Илија, Ветрен, Раково, Чеканец, Садженик, Црвена Јабука, Ново Село, Страдалово, Смоличино, Ваксево, Друмохар, Еремија, Четирци (Невестино), Неделкова Граштица, Згурово, Рашка, Граштица, Длхчево Сабљар, Пелатиково, Кадровица (Невестино), Трсино и Лелинци).

[50] [Ѓорче Петров], Материали.., н.д.

Бугарија (1878 г.), кога многу исламизирани Бугари (Помаци) се доселиле во градот Штип и по селата. Бројот на Турците и исламизираните нагло опаднал по иселувањата во 1923 и во годините понатаму. Миграциите на Осоговци (Шопи) во Штипско и по Крива Лакавица можат да се следат според истражувањата на Ј. Ф. Трифуновски[51], кој дава податоци за доселувањето на планинците од Кривопаланечко и Кратовско во испразнетите турски села, во периодот меѓу Првата и Втората светска војна и во наредните децении на 20 век.

Кочанско Поле и Виничко претставуваат гранични предели со македонскиот Шоплук, поради што се чувствува мешање на етничките карактеристики. Кочанци и Виничанци прават разлика меѓу себе и Шопите од Осоговијата. Дека етнинимот Шоп го изгубил изворното и добил пејоративно значење во планинските села во Кочанско, на падините на Осоговијата, покажува фактот дека селаните за себе велат дека се Горнанци, додека во градот Кочани нив ги сметаат за Шопи, за разлика од оние кои живеат во низинскиот дел, во полето, кои ги викаат едноставно селани. Во овие предели можат да се проследат многубројни доселувања од Осоговијата и пошироко од Шоплукот, особено после турскиот иселенички бран.

Причината поради која го поместувам **Овче Поле** од Горновардарска и Средновардарска етнографска целина во **Шопско-брегалничка етнографска целина** е припадноста на пределот кон источната етно-културна зона. Оваа определба може да биде поткрепена и со реални географски причини, бидејќи географите го сметаат Овче Поле за **брегалничка котлина**[52]. Можат да се наведат и редица други културно-историски причини, како на пример фактот дека Овче Поле за време на турскиот период претставувало дел од Штипската каза (Ѓорче Петров[53], К´нчов[54]), што ја покажува природната ориентација на пределот кон соседните брегалнички трговски центри: Штип, Кочани, Виница. За јужниот дел на Овче Поле, Штип бил главен пазаришен центар, додека Свети Николе (со

[51] Јован Ф. Трифуноски, Етничкиот состав и етничките процеси во сливот на Брегалница, Зборник на Штипскиот народен музеј, кн.3, Штип 1964, 10.
[52] Македонија како природна и економска целина, ИНИ, Скопје 1978, 28.
[53] [Ѓорче Петров], Материали по изучването на Македония, София, 1896, 646, 659.
[54] В. Кънчов, Македония. Етнография и Статистика, Избрани произведения, том. втори, София, 1970.

поранешно турско име Кисели) било село со неделен пазар и со поголемо значење за североисточниот дел[55]. Освен тоа, во прилог на оваа класификација одат народните имиња за двата дела на Овче Поле, дадени според Б. Русиќ[56] : Которија - горен дел и Ежово Поле - долен дел. Во народните преданија за места, што на теренот ги запишал Ѓ. Петров[57], се раскажувало дека градот Штип претходно се наоѓал на местото Ежово - точка што го одделува Овче Поле од Штипскиот крај. Според кажувањата, некогашната градска населба Ежов Град или Суви Град, била преместена кај сегашниот Штип. Иако народните преданија за места немаат секогаш вредност на историски извори, сепак тие го покажуваат народното толкување на минатото и доживувањето на животниот простор. Во таа смисла може да се согледа врската што ја наоѓал народот меѓу Ежов град и Ежово Поле - народното име за долниот дел на Овче Поле.

За да ги поставиме поточно ориентирите за етно-културната припадност на Овче Поле, ќе се повикаме на една историска реалност каде што факторите култура-време-простор одиграле пресудно влијание. Најпрво К´нчов ја изнел поставката за културната поделба на македонскиот етнички простор на источен и западен дел, предизвикана со поставувањето на т.н. „турски вардарски појас" на просторот на Средна Македонија, по должината на река Вардар[58]. Авторот тврди дека до крај на 19 и почеток на 20 век, македонското население од двете страни на Вардар било оневозможено нормално да комуницира. К´нчов наоѓа дека причините за поделбата на територијата биле стратешки, односно за да се раздели и ослаби македонското население. Оваа констатација на К´нчов ја прифатил, како многу реална, и Јован Цвијиќ, кој на едно место констатира дека овчеполските Јуруци и Коњари му припаѓаат на големиот турски појас, кој се протега од Орфанскиот Залив до северозападните рабови на Овче Поле. Со него словенското население од Македонија е разделено на две половини, кои се скоро без врски. Цвијиќ смета дека таа етнографска преграда сигурно влијаела врз културниот развој и дека би било од корист да се истражат етнографските карактеристики

[55] Јован Цвијић, Основе..., кн. прва, н.д., 227, 228.
[56] Б. Русиќ, Народните имиња на некои предели и области во Македонија, в. „Нова Македонија", 1954, V, 30.
[57] [Ѓорче Петров], Материали, н.д., 652.
[58] В. Кънчов, Македония. Етнография и статистика, н.д., 353, 354.

и дијалектите во Македонија[59]. Независно од овие мислења, современите етнолошки истражувања, особено во материјалната и духовната култура, покажале дека постојат видливи разлики меѓу источниот и западниот македонски културен простор. Тие се покажуваат во типот на женските носии[60], куќата и украсувањето[61], дијалектите, музичкиот фолклор и другите домени на народната култура. Гледано од тој глобален аспект, Овче Поле спаѓа во источниот тип на македонската народна култура. Овие културни процеси, секако, биле во непосредна зависност од човечкиот фактор. Во тој однос, во составот на населението во Овче Поле, кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, Ѓ. Петров, К´нчов, Цвијиќ, Јов. Ф. Трифуновски и други автори спомнуваат најмногу Турци - Јуруци (сточари), Турци - Коњари (земјоделци) и Власи (сточари) кои тука презимувале со стадата[62]. Македонците кои живееле во Овче Поле биле претежно чифчии. Чифчиската несигуност на животот и имотот биле една од најчестите причини за раселување на овчеполските македонски села[63]. Според постари податоци, до 1912 година Македонците живееле повеќе во северниот дел на Овче Поле, за разлика од Турците кои биле распоредени во јужниот дел[64]. Долготрајниот престој на Турците во Овче Поле придонел за појава на препознатливи ориентални елементи во народната култура. Овие ориентални елементи го надживеале заминувањето на Турците и другите исламизирани од Овче Поле кои биле учесници во масовниот иселенички бран. Овој бран, со различен интензитет, траел од Балканските војни, па негде до 1965 година.

Според природно-географските карактеристики споредени со динамиката на движење на населението, Овче Поле имало значење на отворено плато[65] и миграциска врата. Додека дел од земјоделците и Турците се иселувале, сточарите се спуштале од планинските предели

[59] Јован Цвијић, Основе..., кн. прва, н.д., 226.
[60] Ѓорѓи Здравев, Македонски народни носии, 1, Скопје 1996.
[61] Анета Светиева, Видот и застапеноста на геометриските структури во пластичната декорација во ентериерот на куќите во западниот и источниот дел на Македонија во XIX и на почетокот на XX век, Македонски фолклор, XXIV, 48, Скопје 1991, 295-307.
[62] Јован Ф. Трифуноски, Етничкото состав во сливот на Брегалница, Зборник на Штипскиот народен музеј, кн.3. Штип 1964, 13.
[63] Јован Ф. Трифуноски, Десет раселени села во Овчеполската Котлина, Годишен зборник на Природно-математичкото факултет, кн.12, Скопје 1961, 155-170.
[64] Македонија, н.д., 153.
[65] Јован Цвијић, Основе..., кн. прва, н.д., 224.

на Осогово, ја заземале земјата и, со тек на време, ја менувале стопанската дејност, односно преминувале од сточарство на земјоделство. Според Ј. Ф. Трифуноски, уделот на првите населеници, Осоговците или Шопите, бил толку голем што се создавало општо уверување дека жителите не само од одделни села, туку и цели предели по текот на Брегалница, сметајќи го тука и Овче Поле, се по потекло од Осогово[66]. Промената на матичниот простор и стопанската дејност влијаеле врз промената на етничките особини на Осоговците. Како што забележал Трифуновски, тие најпрво ја менувале носијата[67]. Врз процесите на обликување на етничките особини на Овчеполци, секако влијаеле и доселениците од Егејска Македонија, стационираните Власи и претставниците на другите народи и етнички заедници на овој простор.

Врз основа на сознанијата за карактеристиките на народната култура на Овчеполци, може да се констатира дека таа во целина ѝ припаѓа на источната етно-културна зона и претставува нејзин органски дел. Оваа состојба наоѓа потврда и во духовната концепција на просторот искажана со припадноста на Овче Поле кон **Брегалничката епархија**, која ги опфаќа општините: Штип, Свети Николе, Пробиштип, Кочани, Виница, Делчево, Берово и Радовиш[68].

*

* *

Целта на овој прилог беше да се дефинира етнографскиот простор на североисточна и источна Македонија, во согласност со етничките процеси и карактеристиките кои преовладуваат. Со оглед на фактот што се работи за живи етнички процеси во просторот каде што пресудно влијание имаат општествените, социјалните, политичките, културните и другите витални фактори, сметам дека е потребно да се изврши предефинирање на етно-културниот простор во овој дел, со тоа што сите македонско-шопски и брегалнички предели ќе се обединат во една поголема етнографска целина, именувана како **Шопско-брегалничка етнографска целина.** На овој начин сметам дека

[66] Јован Ф. Трифуноски, Етничкото состав во сливот на Брегалница, Зборник на Штипскиот народен музеј, кн.3. Штип 1964, 10.
[67] Истото, 12.
[68] http://m-p-c.org/Eparhii/Bregalnichka/Tex

македонскиот Шоплук и Брегалничкиот крај успешно ќе се надополнуваат, бидејќи додавката **брегалничка** ќе асоцира на нешто што е македонско, односно дека ќе ја замени по вредност поранешната додавка **македонски**, во смисла на **македонски Шоплук**, за разлика од српскиот и бугарскиот Шоплук. Истовремено, предложеното име на проширената етнографска целина не го исклучува првото име - македонски Шоплук, кога при истражувањата се земаат предвид само „шопските" македонски предели. Од друга страна, во амбиентот кој се создава со формирањето на Шопско-брегалничка етнографска целина, некои шопски предели кои имаат нагласена **брегалничка компонента**, како Пијанец и Малеш, подобро ќе се препознаваат во етно-културниот простор. Исто така, **брегалничките котлини** каде што е констатирана интензивна миграција на „шопското" население од Осоговијата и каде во живо можат да се следат процесите на етничко проникнување, на овој начин ќе бидат лоцирани во најсоодветниот етно-културен простор, во рамките на источномакедонската културна зона. Такви предели се: **Штипско, Лакавица, Овче Поле, Кочанско и Виничко.**

Со оглед на демократските процеси сврзани со обврските за почитување на правата на „другиот", во смисла на заштита на правата на националностите и етничките групи, кои како такви денес имаат статус на „културна" вредност во светски рамки, сметав дека е неопходно да се заокружи македонскиот шопско-брегалнички етнографски простор со неговите органски делови во границите на соседните земји: Србија и Бугарија. Во таа смисла направив обид да изнесам некои податоци за поделениот предел **Пчиња** (Горна Пчиња) и за **Горноџумајско** (денешно Благоевградско), доколку веќе не е доцна со оглед на работата на српските и бугарските етнолози и историчари, кои објавиле многубројни прилози и монографии со содржина обратна од онаа што ја изнесов овде. Во врска со тоа прашање, како оправдување за македонската наука треба да се истакне неповолната кадровска состојба во македонската етнологија со оглед на вакуумот од преку триесет години на непостоење на студии по етнологија на Универзитетот[69], односно непродуцирање стручен кадар, кој би бил во

[69] Според податоци од личната архива на д-р Галаба Паликрушева, групата за етнологија била основана 1946 година. Во тоа време единствен професор од тесно стручните предмети по етнологијата бил д-р Бранислав Русиќ. Дипломирале поголемиот дел од студентите од првите генерации. Групата престанала со работа по

состојба професионално да ги проследува динамичните етнички процеси.

Во таа смисла, овој прилог претставува обид за расветлување на некои специфичности на етно-културниот простор на Македонците во северо-источниот и источниот дел на Македонија, вклучувајќи ги и органските етнички делови во соседните земји.

поделбата на факултетот на Филозофски и Природно-математички, односно по формирањето на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во 1949 година. Понатаму, проф. д-р Бранислав Русиќ ја предавал етнологијата како помошен предмет вклучен во наставниот план на групата за географија. Ваквиот третман на етнологијата наполно ја исклучило можноста од формирање нов кадар. Овој недостиг предизвикан од прекинот на работата на групата за етнологија уште долго ќе се чувствува, иако студиите се обновени во 1984 година.

Aneta SVETIEVA

SHOP-BREGALNICA ETHNOGRAPHIC WHOLE A CONTRIBUTION TO THE CLASSIFICATION OF THE MACEDONIAN ETHNOGRAPHIC AREA

Summary

The aim of this article is to define the ethnographic area of North-Eastern and Eastern Macedonia in accordance with the prevailing ethnic processes and characteristics. With regards to the fact that these are live ethnic processes in the area where the societal, social, political, cultural and other vital factors have a crucial influence, I think that a re-defining of the ethno-cultural area in this part needs to be performed in such a way that all the Macedonian-Shop and Bregalnica areas will be united in one greater ethnographic whole, by the name of **Shop-Bregalnica ethnographic whole**. In this way, I think that the Macedonian Shopluk and the Bregalnica region will succesfully supplement each other since the term "**Bregalnica**" will refer to "something that is Macedonian", or rather it will substitute the former term "**Macedonian**", in the context of **Macedonian Shopluk**, in contrast to the Serbian and Bulgarian Shopluk. On the other hand, with this, some "Shop" areas that have an emphasized "**Bregalnica**" **component**, such as Pijanec and Malesh, will be more recognized in the ethno-cultural area. Also, the **Bregalnica basins,** where an intensive migration of "Shop" population from the Osogovija has been ascertained and where the processes of ethnic permeation can be followed live as they happen, will be located, this way, in the most corresponding ethno-cultural area within the Eastern-Macedonian cultural zone. Such areas are: **Shtip area, Lakavica, Ovche pole, Kochani area and Vinica area**.

With regards to the democratic processes in connection with the duties for respect for the rights of "the other" in the context of protection of the rights of the nationalities and ethnic groups, which as such have a status of a "cult" value globally today, I thought that it is necessary to complete the Macedonian Shop-Bregalnica ethnographic area with its organic parts within the borders of the neighboring countries: Serbia and Bulgaria. In that context, I made an attempt to bring about some data about the divided area **Pchinja** (Gorna Pchinja) and for Gorna Djumaja area (nowadays Blagoevgrad area).